# Лист со факти

## Искористете го максимално владиниот план за заеднички придонеси

Како функционира планот на Федералната влада за заеднички придонеси

### Што е планот за заеднички придонеси?

Планот за заеднички придонеси е иницијатива на Федералната влада наменета за лицата со ниски до средни приходи. Според планот, тие што имаат право и кои сами ги уплатуваат нивните придонеси после данок за нивниот “super”, може од Федералната влада да добијат до $1.000 на нивната “super” сметка (откако ќе ја поднесат даночната пријава до Австралиската даночна управа (АТО)).

### Дали мене ми следува?

Ви следува ако:

- Вашиот проценет приход и известените fringe benefits се помалку од $61,920 во финансиската година
- Сте направиле уплати во фондот за пензија до 30. јуни секоја година, исклучувајќи ги тн. salary sacrifice плаќања
- Сте постојан жител на возраст под 71 година на крајот од финансиската година во која сте ги направиле уплатите
- 10% или повеќе од вашиот приход доаѓа од прифатливо вработување, водење бизнис или комбинација на двете
- Вложите даночна пријава.

### Колку изнесуваат е заедничките придонеси?

Ако вашиот приход е:

- Под $31.920 годишно – вие може да го добиете од Владата целиот придонес од $1.000
- Меѓу $31.920 и $61.920 годишно - најмногу $1.000 намалени за секој заработен долар над $31.920
- 61,920 годишно или повеќе – вие немате право на придонесот.

### Колку точно можам да добијам?

Користете ја табелата подолу за да го пресметате износот на заеднички придонес на кој можеби имате право.

| | Ако уплаќате (после данокот) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | $1000 | $800 | $500 | $200 |
| **Вашиот годишен приход** | **Износот на co-contribution** | | | |
| $31.920 или помалку | $1,000 | $800 | $500 | $200 |
| $37,920 | $800 | $800 | $500 | $200 |
| $45,920 | $533 | $533 | $500 | $200 |
| $49,920 | $400 | $400 | $400 | $200 |
| $53,920 | $267 | $267 | $267 | $200 |
| $55,920 | $200 | $200 | $200 | $200 |
| $61,920 | $0 | $0 | $0 | $0 |

Заедничкиот придонес што би можеле да го добиете пресметајте го со нашиот калкулатор на заеднички придонеси на **www.australiansuper.com/calculators**

### Како доприносот (co-contribution) ќе биде уплатен на мојата сметка?

АТО ќе определи дали ви следува да добивате доприноси со користење на податоците од вашата даночна пресметка и вашата пензиска сметка во AustralianSuper. За ова да го направат, вие треба да поднесете даночна пресметка. Ако ви следува АТО ќе ви ги исплати доприносите директно на вашата пензиска сметка.

### Важни информации за даночниот број [Tax File Number (TFN)]

Ако ние го немаме вашиот даночен број (TFN), може да плаќате повеќе данок на вашата superannuation пензија одошто треба. Исто така, ние нема да можеме на вашата superannuation сметка да ставаме ваши уплати по плаќање данок, а тоа значи дека може да не го добиете бонусот за заеднички придонес (co-contribution reward). Ако ви требаат повеќе информации или помош околу добивањето даночен број, може да се јавите на AustralianSuper на **1300 300 273**.

**Важна информација:** Овој документ е од општа природа и не ги зема предвид вашите лични цели, ситуација или потреби. Пред да донесете одлука во врска со AustralianSuper, проучете ги вашите финансиски потреби и прочитајте ја нашата Изјава за претставување на производ (Product Disclosure Statement) што можете да ја најдете на **www.australiansuper.com/tools** или ако се јавите на **1300 300 273**. AustralianSuper Pty Ltd ABN 94 006 457 987 AFSL 233788, Trustee of AustralianSuper ABN 65 714 394 898.